О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О
Градоначалник
Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521 факс: 033/411 550
E-mail:opde@sonet.com.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 2**
**01.02. 2013 година**

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Одделение за човечки ресурси,
правни и општи работи

**Февруари, 2013**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 01.02. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 45.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата 45.редовна седница која се одржа на ден 30.01.2013 година и тоа:

1.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Станко Цветковски;
2.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Моне Лазаров;
3.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документацијана лицето Славе Стоилов;
4.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документацијана лицето Слободанчо Давитков;

5. Одлука за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2013/2014 година;

6.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Делчево за 2012 година;

7.Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке" 2012/2013;

8.Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски„-Делчево во текот на учебната 2012/2013;

9.Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;

10.Одлука за поддршка на проект за прекугранична соработка меѓу општина Делчево и општина Благоевград;

11.Одлука за поддршка на проект за прекугранична соработка меѓу СОУ М.М.Брицо и 7 СОУ „Кузман Шапкарев"-Благоевград, Р.Бугарија;

12.Одлука за поддршка на проект за прекугранична соработка меѓу ООУ „Св.Климент Охридски„-Делчево и основно училиште од Благоевград;

13.Одлука за преотстапување на користење и управување на објект училишна спортска сала на ООУ „Св.Климент Охридски" - Делчево;

14.Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2013 година;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-327/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.02.2013 година** **Градоначалник,**
**Д е л ч е в о** **Горан Малешевски,с.р.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 45. редовна седница, одржана на ден 30.01.2013 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објектот во урбанистичко-планска документација на лицето Станко Цветковски,

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-358 од 22.07.2011 година, од страна на лицето Станко Цветковски, а кое се однесува на бесправно изграден објект-станбена куќа изграден на КП број 3950, КО Делчево, м.в. Куртов Осој, Советот на Општина Делчево констатира дека истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 07-297/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.01.2013 година Претседател,

Делчево Николче Трајановски,с.р.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 45. редовна седница, одржана на ден 30.01.2013 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на Моне Лазаров

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-761 од 18.08.2011 година, од страна на Моне Лазаров, а кое се однесува на бесправно изграден објект станбена куќа, изграден на КП број 8277/3 и КП број 8277/4, КО Делчево, на улица "Острец" во Делчево, Советот на Општина Делчево констатира дека може да се изврши прекинување на тротоарот на станбена улица "Острец" во ДУП на

град Делчево и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 07-298/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.01.2013 година Претседател,

Делчево Николче Трајановски,с.р.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 45.редовна седница, одржана на ден 30.01.2013 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објектот во урбанистичко-планска документација на лицето Славе Стоилов

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-1596 од 31.08.2011 година, од страна на лицето Славе Стоилов, а кое се однесува на бесправно изграден објект-станбена куќа изграден на КП број 5777/2, КО Звегор, Советот на Општина Делчево констатира дека истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 07-299/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.01.2013 година Претседател,

Делчево Николче Трајановски,с.р.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево,на својата 45.редовна седница, одржана на ден 30.01.2013 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на Слободанчо Давитков

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-342 од 21.07.2011 година, од страна на Слободанчо Давитков, а кое се однесува на бесправно изградени објекти доградба на станбена куќа и ПО-гаража, изградени на КП број 7692/2 и КП број 7692/1, КО Делчево, на улица "Ванчо Прќе" во Делчево, Советот на Општина Делчево констатира дека може да се изврши прекинување на тротоарот и стеснување на станбена улица "Ванчо Прќе" во ДУП на град Делчево и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 07-300/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.01.2013 година Претседател,

Делчево Николче Трајановски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 31 од Законот за изменување и дополнување наЗаконот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.67/04), Советот на Општина Делчево, на својата 45.редовна седница, одржана на ден 30.01. 2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2013/2014**

Член 1

Се усвојува Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2013/2014, бр.03-51/1 од 16.01.2013 година, со следните образовни струки и образовни профили:

| **Вид на образование** | **Вкупно паралелки** | **Вкупно ученици** | **Паралелки на мак.наст.јазик** | **Ученици на мак.наст.јаз.** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **а) Гимназиско образование вкупно** | 5 | 170 | 5 | 170 |
| **б) Стручно образование (во четиригодишно траење)** | 2 | 68 | 2 | 68 |
| **Струка** | **Образовен профил** | | | |
| 1) Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар **1** | 34 | | |
| 2) Хемиско-техолошка | Прехранбен техничар **1** | 34 | | |
| | | | | |
| **в) Стручно образование во тригодишно траење** | | | | |
| Струка | Образовен профил | | | |
| / | / | / | / | / |
| Вкупно (а+б+в) | 7 | 238 | 7 | 238 |

Член 2

Оваа Одлука влегува восила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-301/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01. 2013 г.** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 68 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 45.редовна седница, одржана на ден 30.01. 2013 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Делчево за 2012 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Делчево за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-302/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 45.редовна седница, одржана на ден 30.01. 2013 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата на ООУ „Св.Климент Охридски„-Делчево**
**во текот на учебната 2012/2013**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски„-Делчево во текот на учебната 2012/2013.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-304/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т. 13 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 45.редовна седница, одржана на ден 30.01. 2013 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност**
**и безбедноста на сообраќајот на патиштата**
**на подрачјето на општина Делчево**

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедноста и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица Делчево.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

3. Заклучокот заедно со Извештајот да се достави до:

-Министерот за внатрешни работи на РМ;
-Народниот правобранител

**Број 07-305/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01. 2013 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање за аплицирање на третиот повик во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија- Бугарија, Советот на општина Делчево на својата 45.седница одржана на ден 30.01.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка**
**Македонија-Бугарија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр.: 2007CB16IPO007-2012-3 .

Член 2

Проектот „Мерки за заштита од поплави на реките Брегалница и Бистрица" е партнерски проект со општина Благоевград од Република Бугарија и се однесува на подигнување на свеста за рационално искористување на водените ресурси во прекуграничниот регион и мали градежни зафати за регулација на речните корита на Брегалница и Бистрица.

Проектот ќе се поднесе за финансирање во рамки на Приоритетна оска 2 „Подобрување на квалитетот на живеење", Област на интервенција 2.1 „Искористување на еко ресурсите".

Член 3

Општина Делчево како лидер во проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата.

Член 4

Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде користена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5(пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-306/1**
**30.01.2013**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање за аплицирање на третиот повик во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, Советот на општина Делчево на својата 45. седница одржана на ден 30.01.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка на СОУ „М.М.Брицо", Делчево за развој и спроведување на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр.: 2007CB16IPO007-2012-3 .

Член 2

Проектот „Социјално зближување преку изградба на центри за активности според интереси" (**S**OCIAL **C**O**H**ESION TR**O**UGHT ESTAB**L**ISHMENT OF **A**CTIVITY CENT**R**ES OF INTEREST**S, Acronym SCHOLARS)** е партнерски проект на СОУ „М.М.Брицо", Делчево и 7СОУ „Кузман Шапкарев" од Благоевград.

Проектот ќе се поднесе за финансирање во рамки на Приоритетна оска 1 „Економски развој и социјална кохезија", Област на интервенција 1.2 „Социјална кохезија".

Член 3

СОУ „М.М.Брицо" како партнер во проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата.

Член 4

СОУ „М.М.Брицо" како корисник и Општина Делчево како сопственик на училишните згради се обврзуваат дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде користена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5(пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-307/1**
**30.01. 2013**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање за аплицирање на третиот повик во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија- Бугарија, Советот на општина Делчево на својата 45. седница одржана на ден 30.01.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка на ООУ „Св.Климент Охридски", Делчево за развој и спроведување на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр.: 2007CB16IPO007-2012-3 .

Член 2

Проектот „**Социјално зближување преку нови можности за културно образование"** е партнерски проект на ООУ „Св.Климент Охридски", Делчево и НХГ „Св.Кирил и Методиј" од Благоевград и се однесува на: унапредување на социјалната кохезија во регионот преку заеднички обуки и мали инфраструктурни зафати во двете училишта.

Проектот ќе се поднесе за финансирање во рамки на Приоритетна оска 1 „Економски развој и социјална кохезија", Област на интервенција 1.2 „Социјална кохезија".

Член 3

ООУ „Св.Климент Охридски" како партнер во проектот со поддршка од општина Делчево ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата.

Член 4

ООУ „Св.Климент Охридски" како корисник и Општина Делчево како сопственик на училишните згради се обврзуваат дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде користена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5(пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

| | |
|---|---|
| **Број 07-308/1** | **Совет на општина Делчево** |
| **30.01. 2013** | **Претседател,** |
| **Делчево** | **Николче Трајановски,с.р** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (" Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а согласно Договорот за регулирање на меѓусебни односи при изградба на училишна спортска сала бр.18-200/821 од 15.11.2010 година, склучен помеѓу Министерството за образование и наука на РМ, Општина Делчево и ООУ „Св.Климент Охридски" и Записникот за примопредавање на училишна спортска сала во ООУ „Св.Климент Охридски", Советот на Општина Делчево, на својата 45. седница одржана на ден 30.01. 2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## за преотстапување на користење и управување на објект училишна спортска сала на ООУ " Св.Климент Охридски" - Делчево

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево го преотстапува на користење и управување објектот училишна спортска сала на ООУ " Св.Климент Охридски" - Делчево.

Член 2

Училишната спортска сала се наоѓа во дворното место на ООУ "Св.Климент Охридски"-

Делчево, на к.п. бр.7055/2, г.п. бр.4.1, КО Делчево, на ул. "М. М. Брицо" бр.34 во Делчево.

Член 3

Сите обврски на Општина Делчево, Министерството за образование и наука и ООУ " Св.Климент Охридски" се регулирани со Договорот за регулирање на меѓусебни односи при изградба на училишна спортска сала.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-309/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01. 2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 132 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, донесен на 22.11.2006 година, како и врз основа на доставените предлози до Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот, Советот на Општина Делчево, на својата 45. седница, одржана на ден 30.01. 2013 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Делчево за 2013 година**

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2013 година.
Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа.
Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи.
Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2013 година е како што следува:

| **Ред.бр.** | **Назив на актот** | **Изготвувач/Предлагач** | **Рок на донесување** |
|---|---|---|---|
| 1 | Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2013; | Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот за 2013 година; Изготвувач: Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи; | Јануари/Февруари 2013 година |
| 2 | Заклучок за усвојување на Буџетски календар за; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, ЈД и ЛЕР | Јануари/Февруари 2013 година |
| 3 | Извештај за работата на ЈЛБ | Предлагач: УО | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Илинден“-Делчево за 2012 година | Изготвувач: ЈЛБ „Илинден“-Делчево | Јануари/Февруари 2013 година |
| 4 | Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2013 година; | Предлагач: УО Изготвувач: ЈЛБ „Илинден“-Делчево | Јануари/Февруари 2013 година |
| 5 | Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево; | Предлагач: УО Изготвувач: ЈЛБ „Илинден“-Делчево | Јануари-март 2013 |
| 6 | Одлука за усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за 2012 година; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, ЈД и ЛЕР | Јануари-март 2013 |
| 7 | Заклучок за усвојување на Завршна сметка за 2012 на ОЈУДГ „Весели Цветови“; | Предлагач: Изготвувач: | Јануари-март 2013 |
| 8 | Одлука за давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД „Брегалница“ за 2012 година; | Предлагач: УО Изготвувач: ЈПКД „Брегалница“ | Јануари/Февруари 2013 година |
| 9 | Одлука за давање согласност на Годишната Програма за работа на ЈПКД „Брегалница“ за 2013 година; | Предлагач: УО Изготвувач: ЈПКД „Брегалница“ | Јануари/Февруари 2013 година |
| 10 | Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на ЈПКД „Брегалница“ за 2012 година; | Предлагач: УО Изготвувач: ЈПКД „Брегалница“ | 01.02.01 |
| 11 | Одлука за поддршка на проект за прекугранична соработка меѓу општина Делчево и општина Благоевград, Р.Бугарија; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | Јануари 2013 |
| 12 | Одлука за поддршка на проект за прекугранична соработка меѓу СОУ М.М.Брицо и 7 СОУ „Кузман Шапкарев“-Благоевград, Р.Бугарија; | Предлагач: СОУ „М.М.Брицо“-Делчево Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР | Јануари |
| 13 | Одлука за поддршка на проект за прекугранична соработка меѓу ООУ „Св.Климент Охридски“ и училиште од Благоевград, Р.Бугарија; | Предлагач: ООУ „Св.Климент Охридски“ Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | Јануари |
| 14 | Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке“ 2012/2013; | Предлагач: УО на ООУ „Ванчо Прке“ Изготвувач:Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Јануари |
| 15 | Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски„-Делчево во текот на учебната 2012/2013; | Предлагач: УО на ООУ „Св.Климент Охридски“ Изготвувач:Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Јануари |
| 16 | Годишен извештај за јавната безбедност и безбедноста на | Предлагач: Командир на ПС од ОН-Делчево | Февруари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сообраќајот на патиштата; | | |
| 17 | Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке" за 2012 година; | Изготвувач: Сметководител на ООУ Предлагач:ООУ | Февруари |
| 18 | Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски" за 2012 година; | Изготвувач: Сметководител на ООУ Предлагач:ООУ | Февруари |
| 19 | Завршна сметка на СОУ „М.М." за 2012 година; | Изготвувач: Сметководител на ООУ Предлагач:ООУ | Февруари |
| 20 | Одлука за донесување на ДУП за УЕ 3. дел од блок 3.2 дел од локалитет Стар Расадник; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 21 | Одлука за донесување на урбанистички план вон населено место за Граничен премин; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 22 | Мислење за изведување на екскурзии; | Изготвувач:Стручен тим Директор, раководители на екскурзии | Јануари-март 2013 |
| 23 | Одлука за донесување на ДУП за ДУП за УЕ 3, дел од блок 3.1 од ГУП Делчево-Гробишта; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 24 | Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички планови согласно усвоена Годишна програма; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 25 | Одлука за утврдување на урбанистички планови согласно усвоена Годишна програма; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 26 | Одлуки за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка документација; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 27 | Одлука за утврдување на потреба за изработка и донесување на ЛУПД за потребите на општина Делчево; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |
| 28 | Одлука за определување на општински патишта на подрачјето на општина Делчево; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Февруари-Март 2013 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 29 | Одлука за именување на улици, плоштади, мостови и др.инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | 01.05.13 |
| 30 | Проценка на загрозеност на Општината; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за урбанизам,уредување на ГЗ и заштита на ЖС | Мај-Јуни 2013 |
| 31 | Одлука за усвојување на Стратешки план за ЛЕР на општина Делчево | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | 01.04.13 |
| 32 | Одлуки за поддршка на проекти од Биро за регионален развој | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | Април-Мај 2013 |
| 33 | Заклучок за усвојување на Квартелен извештај за извршувањето ан Буџетот; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | Мај, Август, Ноември 2013 |
| 34 | Ребаланс на Буџетот за 2013 година; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | 01.09.13 |
| 35 | Одлуки за поддршка на проекти од Агенција за поддршка на земјоделството и рурален развој | Предлагач: Градоначалник Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | По потреба |
| 36 | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за учебната 2012/2013 | Предлагач: ОЈУДГ Изготвувач: Одделение за правни и општи работи | Октомври |
| 37 | Заклучок за усвојување на Годишната програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за учебната 2013/2014 | Предлагач: ОЈУДГ Изготвувач: Одделение за правни и општи работи | Октомври |
| 38 | Заклучок за усвојување на Годишен извештај на СОУ „М.М.Брицо" | Предлагач: СОУ „М.М.Брицо" Изготвувач: Одделение за правни и општи работи | Октомври |
| 39 | Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Делчево; | Предлагач: Градоначалник Изготвувач: Одделение за управување со човечки ресурси | Октомври |
| 40 | Одлука за доделување на | Предлагач: | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | стипендии на студенти | Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | |
| 41 | Одлука за доделување на стипендии на ученици | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 42 | Одлука за доделување на првенци на генерацијата | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 43 | Одлука за доделување на награда на најдобар ученик Ром/Ромка | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 44 | Одлука за доделување на новогодишни пакетчиња за ученици од I до V одделение во основните училишта | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач: Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 45 | Одлука за усвојување на ЛАП за родова рамноправност 2014-2016 | Претседател на Комисија за еднакви можности | Декември |
| 46 | Одлука за усвојување на Предлог-План за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" | Директор на СОУ „М.М.Брицо" | Прво тромесечие |
| 47 | Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици за 2013; | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ и заштита на ЖС | 01.12.13 |
| 48. | Програма за уредување на ГЗ на подрачјето на општина Делчево за 2013 година; | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ и заштита на ЖС | 01.12.13 |
| 49. | Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2013 година; | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ и заштита на ЖС | 01.12.13 |
| 50. | Буџет на Општина Делчево за 2014 година; | Предлагач: Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | 01.12.13 |
| 51 | Одлука за извршување на Буџет | Предлагач: | 01.12.13 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за 2014 година | Градоначалник<br>Изготвувач:Одделение за буџет,финансии, јавни дејности и ЛЕР | |

Советот на Општина Делчево во текот на 2013 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот (ЈПКД „Брегалница‟, СОУ „М.М.Брицо‟, ООУ „В.Прке‟, ООУ „Св.Климент Охридски‟, ЈЛБ „Илинден‟ и ОЈУДГ „Весели Цветови‟.
Исто така, Советот на Општина Делчево именува и разрешува членови во органите на управување и донесува одлуки за начинот на располагање со средствата на истите.
Измена и допонувања на Буџетот на Општина Делчево за 2013 година може да се прави во текот на годината доклоку се јави потреба за тоа. На секои три месеци Советот на Општината го усвојува кварталниот извештај, кој, пак, се доставува до Министерството за финансии.
Во тековната година, согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за доплнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината.
Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2013 година не е затворена и може да се надополнува доколку се јави потреба за тоа, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Комисијата за изработка на Програма за работа на советот и член 134 од Деловникот.

**Број 07-310** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски,с.р.**